# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Финансиски извештаи
и Извештај на независниот ревизор
за годината што завршува на 31 декември 2019

Скопје, 05 Март 2020 година

# Содржина


| | страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 3 |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојба | 6 |
| Белешки | 7-19 |

ECOVIS® AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

# Извештај на независниот ревизор

## До Раководството и Собранието на Фудбалската Федерација на Македонија

Ние бевме ангажирани да извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Фудбалската Федерација на Македонија (ФФМ), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 Декември 2019 година и Билансот на приходи и расходи, како и објаснувачките белешки и прегледот на значајните сметководствени политики за годината што завршува на тој датум.

***Одговорност на Раководството за финансиските извештаи***

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметковдствените стандарди кои се прифатени и кои се применуваат во Република Македонија како и за интерните контроли коишто се релевантни за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи, ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали е тоа резултат на измама или грешка.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја извршивме во согласност со Меѓународните ревизорски стандарди прифатени во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешни прикажувања на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола, релевантна за подготвување и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи

Ние веруваме дека ревизорските докази којшто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ECOVIS International is a Swiss association. Each Ecovis member firm is an independent legal entity in its own country and is only liable for its own acts or omissions, not those of any other entity. ECOVIS Audit Macedonia is a member firm of ECOVIS International.

**Основ за мислење со резерва**

- Како што е обелоденето во белешката 9, ФФМ прикажала побарувања за аванси кон правни и физички лица во износ од 35,599,443 денари. Согласно законот за сметководство на непрофитни организации, за овој износ ФФМ искажала расходи и истовремено прикажала и средства. Ние со ревизијата, не можевме да ја утврдиме оправданоста и наплатливоста на дадените аванси, бидејќи истите се исплатени без соодветна документација.

**Мислење со резерва**

Според наше мислење, освен за можните ефекти од прашањето наведено во пасусот „основ за мислење со резерва“, финансиските извештаи ја презентираат објективно во сите материјално значајни аспекти, финансиската состојба на **ФФМ** заклучно со 31 декамври 2019 година, и резултатите од неговото работење, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации.

Скопје, 05 Март 2020 година

Овластен ревизор,

Тина Нешовска

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗИЈА
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје
Управител
Кирил Андоновски

ECOVIS International is a Swiss association. Each Ecovis member firm is an independent legal entity in its own country and is only liable for its own acts or omissions, not those of any other entity. ECOVIS Audit Macedonia is a member firm of ECOVIS International.

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

за годината што завршува на 31.12.2019

| **Приходи** | Белешка | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|
| Приходи од донации, грантови и спонзорства | 3 | 457,443,249 | 760,629,478 |
| Сопствени приходи | 3 | 46,878,496 | 43,423,731 |
| Други приходи | 3 | 1,315,543 | 687,621 |
| Вишок на приходи од претходната година | | 14,873,923 | 105,071,079 |
| **Вкупно приходи** | | **520,511,211** | **909,811,909** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| Плати | | 38,628,241 | 56,495,284 |
| Материјални расходи | 4 | 162,864,074 | 170,956,275 |
| Набавка на постојани средства и опрема | | 95,748,893 | 108,146,563 |
| Други расходи | 5 | 208,400,322 | 390,432,891 |
| **Вкупно расходи** | | **505,641,530** | **726,031,013** |
| | | | |
| **Вишок на приходи над расходи пред оданочување (5-11)** | | **14,869,681** | **183,780,896** |
| Данок на добивка | | (2,227,480) | (132,770) |
| **Остварен нето вишок по оданочување** | | **12,642,201** | **183,648,126** |

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕАРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## Биланс на состојбата: на ден 31.12.2019 година

| | **Актива** | Белешка | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Постојани средства** | **6** | **372,135,512** | **364,458,006** |
| 2 | I. Нематеријални средства | | 0 | 0 |
| 2 | II. Материјални средства | | 372,135,512 | 364,458,006 |
| 3 | Земјишта и шуми | | 0 | 0 |
| 4 | Градежни објекти | | 351,360,042 | 325,918,071 |
| 5 | Опрема | | 20,775,470 | 2,568,204 |
| 6 | Други материјални средства | | 0 | 35,971,731 |
| 7 | Материјални и нематеријални вложувања во подготовка | | 0 | 0 |
| 8 | **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни сметки (9 до 14 )** | | **142,816,253** | **286,878,674** |
| 9 | Парични средства | **7** | 104,377,266 | 183,794,012 |
| 10 | Жиро сметка | | 79,630,617 | 96,991,349 |
| 11 | Благајна | | 109,330 | 184,590 |
| 12 | Девизна сметка | | 24,352,317 | 86,609,651 |
| 13 | Издвоени парични средства и акредитиви | | 0 | 8,422 |
| 14 | Други парични средства | | 285,002 | 0 |
| 15 | Купувачи | **8** | 22,916,582 | 5,098,973 |
| 16 | Други краткорочни побарувања | **9** | 15,522,405 | 97,985,689 |
| 17 | Активни временски разграничувања | | 0 | 0 |
| 18 | **Материјали, резервни делови, ситен инвентар** | | **59,275,124** | **32,251,959** |
| | **ВКУПНО (1+8+18)** | | **574,226,889** | **683,588,639** |

| | **Пасива** | | **2018** | **2019** |
|---|---|---|---|---|
| 19 | **Извори на деловните средства (20+21+22)** | | **460,098,737** | **409,664,717** |
| 20 | Деловен фонд | | 372,135,511 | 364,458,006 |
| 21 | Деловен фонд - опрема и фан шоп | **10** | 59,275,124 | 32,251,959 |
| 22 | Ревалоризациона резерва | | 28,688,102 | 12,954,752 |
| 23 | **Краткорочни обврски (24 до 26)** | | **8,177,678** | **9,117,793** |
| 24 | Добавувачи | **11** | 5,950,198 | 8,985,023 |
| 25 | Обврски спрема државата и други институции за даноци и придонеси и други обврски | | 2,227,480 | 132,770 |
| 26 | Други краткорочни обврски | | 0 | 0 |
| 27 | **Пасивни временски разграничувања (28+29)** | | **104,874,699** | **264,806,129** |
| 28 | Пасивни временски разграничувања пресметани и однапред наплатени приходи | | 92,232,498 | 81,158,003 |
| 29 | Дел од вишокот на приходите пренесен во наредната година | | 12,642,201 | 183,648,126 |
| 30 | **Извори на средства за други намени** | | **1,075,775** | **0** |
| | **ВКУПНО (19+23+27+30)** | | **574,226,889** | **683,588,639** |

Овие финансиски извештаи се одобрени за издавање од управниот одбор на ФФМ и потпишани во нивно име од:

Муамед Сејдини
Претседател на Фудбалската Федерација на Македонија
___________________________

## БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 1 ОПШТИ ПОДАТОЦИ

**ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА** во Централниот регистер на РМ е регистрирана како здружение на граѓани под ЕМБС 4064429
Адреса на Куќата на фудбалот: Бул. АСНОМ бр.21, Скопје
Шифра на дејност: 93.19 Останати спортски дејности
Опис на дејноста: Организирање спроведување на фудбалски натпревари во сите степени на натпреварувања и развој на аматерскиот и професионален фудбал

Раководство:

Претседател: Муамед Сејдини
Генерален Секретар: Филип Поповски
Заменик Генерален Секретар: Дрилон Ганиу

Управен одбор:

1. Муамед Сејдини, претседател на УО
2. Лазар Ракиџиев, потпреседател на УО
3. Дејан Димовски
4. Светозар Становски
5. Добре Иванов
6. Тони Ивановски
7. Димитар Џонов
8. Златко Талевски
9. Марјан Стојкоски
10. Горан Гаврилов
11. Саљим Абдиљи
12. Џеват Дибрани
13. Арѓент Беќири
14. Борче Лазаревски
15. Димитар Костадинов

## 2 СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### 2.1.ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основни претпоставки при изготвување на финансиските извештаи според меѓународните стандарди за финансиско известување претставуваат: пресметковната основа и континуитетот.

а) Наплатена реализација

Финансиските извештаи се подготвуваат во сметководство засновано на наплатена реализација. Според ваква основа ефектите на трансакциите и другите настани се признаваат тогаш кога паричните средства се примени или платени.

б) Континуитет

Финансиските извештаи се подготвуваат под претпоставката дека ФФМ ќе продолжи со работа во иднина, односно дека ФФМ нема намера да го ликвидира или значајно да го намали своето делување.

### 2.2.ПОСЕБНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Посебните сметководствени политики кои се применуваат при составувањето на финансиските извештаи се изнесени подолу:

### 2.3.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

1.Нематеријални средства се средства без физичка супстанца кои можат да се идентификуваат, а кои се поседуваат заради користење во производството или услугите.
Нематеријалните средства без исклучок ги опфаќаат:

а) патентите и лиценците
б) заштитните знаци и имиња
в) договорите за франшиза
г) авторските права
д) трошоци за истражувања и развој
ѓ) компјутерски софтвер маркетиншки права и
ж) гудвил

2.Нематеријално средство ќе се призане само:
а) доколку се очекува прилив на идни економски користи кон претпријатието поврзани со средството,
б) доколку набавната вредност може веродостојно да се измери.
За вредноста на нематеријалните средства се зголемува деловниот фонд.

3.Ако некое нематеријално средство не ги исполнува критериумите за признавање од т. II. 1.2. од оваа одлука настанатиот издаток треба вендаш да се признае како расход на пееriodот во моментот на плаќањето.

4.Нематеријалните средства почетно се вреднуваат по набавната вредност со следните разлики:

- Патентите, лиценците,гудвилот по почетното вреднување се мерат според набавната вредност намалена за исправката на вредност и акумулираните губитоци од намалувањето на вредноста

-.Заштитните знаци,софтерот,авторските права, по почетното вреднување се мерат според објективната ( фер ) вредност на активниот пазар.

5. Нематеријалните средства , се амортизираат според проценката на менаџментот за периодот на очекуваните идни економски приливи но не подолго од 5 години а започнува да се пресметува од првиот ден од следниот месец од месецот во кое е набавено средството.

Амортизацијата не преставува расход за периодот бидејќи нема одлив на парични средства и се евидентира на терет на деловниот фонд.

6.Основа за вреднување на нематеријалните средства е:

а) начинот на нивно стекнување
б)очекуваниот период за добивање на економски користи
в)можноста да се продадат

7.Трошоците за истражување и трошоците за интерно создадено нематеријално средство не треба да се признаат како средство туку како расход на периодот.

## 2.4.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА)

1. Материјалните средства (недвижностите, постројките и опремата) во точка 6 во МСС 16 се дефинирани како:

а) средства кои ФФМ ги чува:
- за сопствено користење
- за изнајмување на други или
- за административни цели и

б) средства кои се очекува да бидат користени во времетраење повеќе од еден период (една година).

2. Материјално средство ќе се признае само:
а) доколку е веројатно дека идни економски користи поврзани со средството ќе претставуваат прилив на ФФМ,
б) доколку набавната вредност на средството може веродостојно да се измери.
За вредноста на набавените материјални средства се зголемува деловниот фонд.

3. Материјалните средства (недвижности, постојки и опрема) почетно се вреднуваат по набавната вредност на материјалното средство ( цена на чиење), кој се распоредува за време на корисниот век на употреба на средството. Сите финансиски трошоци( камати, гаранции и сл. ) кои можат да се идентификуваат со набавката на средства се додаваат на набавната вредност на средството и се амортизираат во зависност од корисниот век на употреба.
4.Набавната вредност на материјалното средство е износот на платените парични средства или објективната вредност на друг надомест даден за да се стекне едно средство во моментот на неговото стекнување или изградба.
5.Набавната вредност на материјалните средства ја опфаќа куповната цена, вклучувајќи ги увозните давачки и неповратните даноци, како и трошоците кои директно можат да се припишат на доведувањето на средството во работна состојба на употреба (трошоци за подготовка на местото, испорака и манипулација, инсталирање и монтажа, услуга на стручни лица и сл.)
6.Сите трговски попусти и рабати се одбиваат за да се дојде до куповната цена.
7.Ако сметководствената вредност на материјалното средство е поголема од проценетиот надоместлив износ, разликата се отпишува - се врши вредносно усогласување до надоместливиот износ.
8.Добивките или загубите настанати со продажба, се определуваат со споредба на приходите од сметководствената вредност.
9. Корисен век на употреба на материјалното средството е:
- временскиот период за кој едно средство се очекува да биде користено од страна на претпријатието
- 10.Векот на употреба на материјалното средство се проценува според правилникот за сметкодство за непрофитни организации.

11. Основица за пресметка на амортизацијата е набавната вредност на средството или друг износ заменет за набавната вредност во финансиските извештаи, намален за остатокот на вредноста на средството.

12.Амортизацијата на материјалните средства се пресметува со праволиниска метода во периодите на векот на употреба на материјалното средство а започнува да се пресметува од првиот ден од следниот месец од месецот во кое е набавено средството.
Амотизацијата не преставува расход на периодот бидејќи не предизивикува одлив на парични средства туку истата се книжи на терет на деловниот фонд.

## 2.5.ВЛОЖУВАЊА И ПОБАРУВАЊА

1.Вложувањата се класифицириаат како долгорочни (нетековни) и краткорочни(тековни)
2.Вложувања се класифицира како тековни кога:

-се чуваат главно за трговски цели (за продажба) и се очекува да бидат реализирани (продадени) во период од 12 месеци од датумот на билансот на состојба.
-парите и еквивалентите на пари се калсифицриаат како тековни во сите случаи доколку нивната употреба не е ограничена.
-сите други вложувања се класифицираат како нетековни (долгорочни)

3.Вложувањата во хартии од вредност ( должнички и сопственички) не се класифицираат како тековни и нетековни туку во зависност од намерата на менаџментот, хартиите од вредност:
-да ги чува исклучиво за цели на тргување,
-не ги чува за цели на тргување, но се расположиви за продажба
-да ги чуваат до доспевање

4.Хартиите од вредност кои се чуваат за цели на тргување или се расположиви за продажба почетно се евидентираат според нивната објективна вредност при што не се земаат во предвид трансакционите трошоци.
5.Хартиите од вредност кои се чуваат до доспевање (должничките) се евидентираат апоред нивната амортизирана набавна вредност (амортизиран трошок) со вклучување на трансакционите трошоци.
6.Другите краткорочни вложувања како заеми, депозити,кауции и аванси се евидентираат според нивната номинална вредност. Пресметаните камати се капитализираат според нивната достасаност
7.Побарувањата од купувачи и другите краткорочни побарувања на домашниот пазар се признаваат во моментот на извршувањето на трансакцијата , а се евидентираат според очекуваниот паричен прилив,.Во билансот на состојба вредноста на побарувањата од купувачите се искажува во нето вредност
.Побарувања од купувачи кои се ликвидирани или се во стечај директно се елиминираат со паралено книжење во деловниот фонд
9.Побарувањата од странство почетно се вреднуваат со очекуваниот паричен прилив. Во билансот на состојба побарувањата на купувачи се вреднуваат според курсот на денот на билансот, а отстапувањата се книжат како курсни разлики.

## 2.6.ЗАЛИХИ

1.Залихите се вреднуваат според набавната вредност (трошокот) или нето реализационата (продажната) вредност во зависност од тоа која од нив е пониска.

2.Набавната вредност ги вклучува сите трошоци на набавката, трошоците на конверзија и другите трошоци направени за доведување на залихите на нивната сегашна локација и состојба.

## 2.7.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (пари и парични еквиваленти)

1.Паричните средства ги опфаќаат готовината во касите и депозитите(девизни, денарски) по видување.

2.Еквивалентите на паричните средства претставуаат краткорочни високоликвидни вложувања, кои може најдоцна до 3 месеци да се претворат во парични средства без позначаен ризик при промената на нивната номинална вредност.

3.Парите во благајната и на денарските сметки се вреднуваат според номиналната вредност.

4.Девизите во благајна и на девизните сметки се вреднуваат по средниот курс на Народната банка во моментот кога ќе настанат, а на денот на билансирањето(31.12) се врши усогласување а разликите се евидентираа како позитивна или негативна курсна разлика.

## 2.8.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА

На сметките на активните временски разграничувања се евидентираат сите расходи кои се настанати а не се платени во пресметковниот период.

## 2.9.КРАТКОРОЧНИ (ТЕКОВНИ) ОБВРСКИ

1.Краткорочни се сите обврски кои доспеваат една година по денот на билансот на состојба, а се вреднуваат според номиналната вредност искажана во соодветна сметководствена исправа

2.Краткорочните обврски за кои има веродостоен документ дека нивните плаќања се одложени за период подолг од 1 год. се прекнижуваат како долгорочни обврски.

## 2.10.ДОЛГОРОЧНИ (НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ)

Сите обврски кои достасуваат за наплата повеќе од 1 година од денот на билансот на состојба се искажуваат како нетековни обврски а се вреднуваат спрема номиналната вредност од соодветната сметководствена исправа

**2.11.ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА**

1.Приходите кои не ги исполнуваат критериумите за признавање, според овие политики , се евидентираат на сметка на незаработени приходи, а во периодот во кој овие критериуми ќе се исполнат се признаваат како приход, со истовемено затварање на оваа сметка.

2.На оваа сметка се евидентираат и оние обврски за кои не постојат веродостојни документи за признавање во пресметковниот период, но со сигурност можат да се идентификуваат дека настанале во тековниот период. По обезбедување на документација во некој иден период, се врши прекнижување со затварање на оваа сметка во корист на конкртна обврска.

**2.12.ДАНОК ОД ДОБИВКА**

Данок од добивка се плаќа според Даночниот биланс кои е важечки за пресметковниот период. По правило непрофитните организации се ослободени од плаќање на данок на добивка за приходите остварени од членарини, спонзорства и донации со наменски карактер, кои се наменети за вршење на дејноста и чија единствена функција е само прибирање и распоредување на средства за одредена намена.

**2.13.ПРИХОДИ**

Приходите се признаваат според начелото на модифицирано настанување на деловните промени (трансакции), односно според ова начело приходите се признаваат откако паричните приливи што се поврзани со тие приходи ќе се евидентираат на банкарските сметки или благајната на ФФМ во пресметковниот период а најдоцна до 30.01. следната година а се мерат спроед износот на добиениот паричен надомест.

**2.14.РАСХОДИ**

Расходите се признаваат според начелото на модифицирано настанување на деловните промени (трансакции) односно според ова начело расхдите се признаваат откако паричните одливи од тие расходи ќе се евидентираат на банкарските сметки или благајната на ФФМ во пресметковниот период а најдоцна до 30.01. следната година а се мерат спроед износот на платениот паричен надомест.

**2.15.РЕВАЛОРИЗАЦИЈА**

ФФМ врши ревалоризација на долгорочните средства (материјални и нематеријални) при нивно повлекување од употреба и отуѓување или поради повторно вреднување со стапка на пораст на цените индустриски производи објавени во Државниот завод за статистика.
Основица за ревалоризацијата претставува набавната вредност на средствата.

Пазарната вредност на долгорчните средства при нивно повлекување од употреба и отуѓување во текот на пресметковниот период се утврдува со проценка од овластен проценител.

### 2.16.ОСТВАРЕН ВИШОК НА ПРИХОДИ (ДОБИВКА)

Разликата помеѓу остварените приходи и остварените расходи претставува Вишок на приходи кои се искажува во Билансот на приходи и расходи. Овој вишок (заедно со вишокот од претходните години) треба да да одговора на вкупните парични средства на банкарските сметки и благајната на 31.12. корегирани за приходите од тековната година кои што се наплатени до 30.01. следната година и за расходите од пресметковниот период кои се исплатени до 30.01. следната година.

### 2.17.ОСТВАРЕН КУСОК (ЗАГУБА)

Доколку расходите во Билансот на приходи и расходи се поголеми од приходите се искажува кусок- загуба. Кусокот може да се појави само доколку расходи од пресметковната година се платени во периодот од 30 дена по денот на билансирањето а немало евидентирано вишок од претходните години.

### 2.18.ДЕЛОВЕН ФОНД

Во корист на деловниот фонд се евидентираат:

- набавени долгорочни средства материјални и нематеријални
- примени донации грантови во непаричен облик
- ефектите од ревалоризација односно ефектите од усогласување на долгорочните средства со пазарната (објективна) вредност на истите.

На терет на деловниот фонд се книжи амортизацијата и оштетувањето на долгорочните средства.

## ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ КОН БИЛАНСОТ НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

| **Белешка 3. Приходи** | **2018** | **2019** |
|---|---:|---:|
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 78,724 | 62,360 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 457,443,249 | 760,629,478 |
| Сопствени приходи | 46,878,496 | 43,423,731 |
| Други приходи | 194,842 | 0 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 14,873,923 | 105,071,079 |
| Вонредни приходи | 1,041,977 | 625,261 |
| **Вкупно** | **520,511,211** | **909,811,909** |

Приходите од членарини, подароци , донации и приходи од други извори кои во 2019 година се во износ од 760,629,478 денари се од следниве извори:

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| ◊ ФАП | 45,397,133 | 0 |
| ◊ ДОНАЦИИ АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ | 2,800,000 | 0 |
| ◊ ХЕТ ТРИК ПРОГРАМА | 122,967,785 | 0 |
| ◊ Спонзорство | 1,128,005 | 4,483,091 |
| ◊ Донации од УЕФА | 281,128,619 | 744,041,608 |
| ◊ Донации од УЕФА наменски за клубови | 4,021,707 | 12,104,779 |
| **Вкупно** | **457,443,249** | **760,629,478** |

Сопствените приходи кои во 2019 година се во износ од 43,423,731 денари се од следниве извори:

| | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| ◊ TV права | 485,850 | 39,975 |
| ◊ Приходи од котизација на клубови | 18,542,067 | 13,821,291 |
| ◊ Приходи од лиценци | 9,812,578 | 6,368,239 |
| ◊ Приходи од продажба на обрасци | 17,310 | 0 |
| ◊ Приходи од влезници | 8,787,967 | 6,818,566 |
| ◊ Приходи од жолти и црвени картони | 4,112,767 | 5,279,773 |
| ◊ Приходи од казни | 2,075,625 | 1,869,600 |
| ◊ Приходи од користење на терени | 676,092 | 446,132 |
| ◊ Приходи од рекламирање | 1,043,324 | 1,043,308 |
| ◊ Други сопствени приходи | 1,324,916 | 7,736,847 |
| **Вкупно** | **46,878,496** | **43,423,731** |

| **Белешка 4. Материјални расходи** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 7,778,335 | 6,481,365 |
| Потрошена енергија | 4,688,038 | 4,347,878 |
| Други услуги | 7,943,851 | 4,250,478 |
| Превозни - транспортни услуги | 48,723,497 | 49,985,376 |
| Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација | 21,592,545 | 19,013,887 |
| Наемнини | 758,685 | 1,901,993 |
| Други материјални расходи | 71,379,123 | 84,975,298 |
| **Вкупно** | **162,864,074** | **170,956,275** |

| **Белешка 5. Други расходи** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|
| Организација на натпревари | 77,745,239 | 257,747,554 |
| Провизија за платниот промет | 3,509,316 | 3,039,331 |
| Камати на кредити и заеми | 0 | 0 |
| Премии за осигурување | 3,668,247 | 4,159,173 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци | 0 | 0 |
| Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните | 46,034,203 | 42,705,767 |
| Дадени донации, помошти и спонзорства | 0 | 0 |
| Негативни курсни разлики | 1,409,741 | 326,297 |
| Членарини | 0 | 0 |
| Даноци | 30,828,035 | 0 |
| Расходи за претплати | 0 | 35,599,443 |
| Други расходи | 45,205,541 | 46,855,326 |
| **Вкупно** | **208,400,322** | **390,432,891** |

## ОБЈАСНУВАЧКИ БЕЛЕШКИ КОН БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА

**Белешка 6 Постојани средства**

| **Опис** | **Набавна вредност** | **Акумулирана амортизација** | **Сегашна вредност** |
|---|---|---|---|
| Стара деловна зграда | 22,452,727 | 4,401,516 | 18,051,211 |
| Куќа на фудбалот | 294,819,738 | 19,927,678 | 274,892,060 |
| Куќа на фудбалот - Академија | 56,214,541 | 23,239,741 | 32,974,800 |
| Опрема во Куќа на фудбалот | 41,578,298 | 39,010,094 | 2,568,204 |
| Транспортни средства | 37,005,809 | 1,034,078 | 35,971,731 |
| **Вкупно** | **452,071,113** | **87,613,107** | **364,458,006** |

**Белешка 7 Парични средства**

| **Опис** | **2018** | **2019** |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 79,630,617 | 96,991,349 |
| Благајна | 109,330 | 184,590 |
| Девизна сметка | 24,352,317 | 86,609,651 |
| Издвоени парични средства и акредитиви | 0 | 8,422 |
| Други парични средства | 285,002 | 0 |
| **Вкупно** | **104,377,266** | **183,794,012** |

**Белешка 8 Побарувања од купувачи**

| Опис | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Купувачи во земјата | 6,107,457 | 5,098,973 |
| Тужени купувачи | 16,809,125 | 0 |
| **Вкупно** | **22,916,582** | **5,098,973** |

**Белешка 9 Други краткорочни побарувања**

| Опис | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Дадени аванси на подизведувачи за стадиони | 83,690 | 45,589,305 |
| Дадени аванси на правни и физички лица* | 0 | 35,599,443 |
| Побарувања за материјални трошоци* | 0 | 544,300 |
| Побарувања од клубови | 7,967,353 | 6,300,659 |
| Други побарувања | 0 | 0 |
| Вредносни усогласувања | 0 | 0 |
| Побарување за ДДВ | 7,471,362 | 9,951,982 |
| **Вкупно** | **15,522,405** | **97,985,689** |

* На состанок пред отпочнување на ревизија од страна на раководството на Фудбалската Федерација на Македонија на ревизорите им беше презентирана состојбата во Фудбалската Федерација на Македонија и беа известени дека по направената внатрешна контрола се утврдени неправилности во работењето на Одделението за финансии и сметководство, при што, во повеќе наврати, се вршени исплати од сметките на Фудбалската Федерација на Македонија, без соодветна документација и авторизација од страна на одговорните лица, во текот на 2019 година, која е предмет на ревизија. За вака утврдената ситуација, Фудбалската Федерација на Македонија има поднесено кривична пријава до Јавното обвинителство за организиран криминал против Раководителот на Одделението за финансии и сметководство на ден 10.10.2019 година. Во текот на месец Октомври е ангажиран нов овластен сметководител, кој ја прекниижи целокупната финансиска документација. Исплатите за кои е утврдено дека се вршени без основ, се евидентирани како дадени аванси на правни и физички лица

**Белешка 10 Материјали, резервни делови, ситен инвентар**

| Опис | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Залиха на опрема | 58,041,221 | 31,313,501 |
| Стоки во магацин | 1,233,903 | 938,458 |
| **Вкупно** | **59,275,124** | **32,251,959** |

**Белешка 11 Обврски кон добавувачи**

| Опис | 2018 | 2019 |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи - дома | 5,950,198 | 8,985,023 |
| **Вкупно** | **5,950,198** | **8,985,023** |

**12. Управување со ризици**

Во нормалниот тек на спроведувањето на своите деловни активности, Федерацијата според природата на работењето може да влезе во различни ризици од поедини трансакции кои можат да се сведат на различен степен на изложеност и тоа: пазарен ризик (вклучувајќи ги: ризикот од курсни разлики, ризикот од каматната стапка), ликвидоносен ризик, кредитен ризик и проценки на објективната вредност.

Управувањето со ризици на Федерацијата се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимилизирање на потенцијалните негативни ефекти врз финансиското работење на Федерацијата.

*Пазарен ризик*

*Ризик од курсни разлики*
Со ризикот од курсни разлики, кој може да се дефинира како предизвикување загуби заради зголемувањето на курсот на странските валути во друштвата кои имаат увозни трансакции, друштвото се справува со благовремено плаќање на обврските спрема странските добавувачи и договарање за плаќање со стабилни валути.

Федерацијата нема посебна политика за управување со овој ризик, со оглед дека во Република Македонија не постојат посебни финансиски инструменти за избегнување на овој ризик.

*Ризик од каматна стапка*
Ризикот од каматна стапка постои кај кредити договорени во странски валути, од страна на друштвото, кој преку промена на нивото на пазарните каматни стапки влијае на неговата финансиска состојба и паричните текови.

*Ликвидоносен ризик*
Управувањето со ликвидоносен ризик е централизирано во Федерацијата. Ризикот од неликвидност постои кога Федерацијата нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители.

Ваквиот ризик се надминува со константно обезбедување на потребната готовина за сервисирање на своите обврски. Федерацијата не користи финансиски деривати.

*Кредитен ризик*
Кредитниот ризик произлегува од пари и парични средства, депозити во банки и финансиски институции, како и кредитна изложеност кон корпоративни клиенти, вклучувајќи ги побарувањата и обврските. Управувањето со кредитниот ризик на Федерацијата се врши со превземање на соодветни мерки и активности од страна на Федерацијата.

*Проценки на објективната вредност*
Федерацијата има политика на обелоденување на информации за објективната вредност на оние компоненти од средствата и обврските за кои се расположиви пазарни цени и за оние кај кои објективната вредност може значително да се разликува од сметководствената вредност.

Во Република Македонија не постои доволно ниво на пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купопродажба на побарувања и други финансиски средства или обврски, па оттаму и истите не се расположиви за продажба. Како резултат на отсуство на активен пазар, објективната основа не може да биде утврдена на веродостојна основа. Менаџментот на Федерацијата смета дека искажаните сметководствени износи се највалидни и најкорисни извештајни вредности при постојните пазарни услови.

## 13. Потенцијални и превземени обврски

*Судски спорови*
Со состојба на 31 декември 2019 година не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Федерацијата редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на судски спорови и евентуални побарувања против Федерацијата кои би можеле да се појават во иднина. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Федерацијата верува дека истите нема да резултираат во материјално значајни обврски.

*Даночен ризик*
Финансиските извештаи и сметководствената евиденција на Федерацијата подлежат на даночна контрола од страна на даночните власти во периодот од 5 години по поднесувањето на даночниот извештај за финансиската година и можат да предизвикаат дополнителни даночни обврски. Според проценките на Раководството на Федерацијата и на датумот на овие извештаи не постојат било какви дополнителни услови од кои можат да произлезат потенцијално материјално значајни обврски по овој основ.
Во текот на 2019 година и до денот на овој извештај, во тек е даночна контрола од страна на Управата за јавни приходи поврзано со контрола на сите даноци.

## 14. Настани по датумот на известување

По 31 декември 2019 година – датумот на известувањето, до денот на одобрување на овие финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на финансиските извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие финансиски извештаи.